Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10,130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 ), Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 4/18), Законот за урбано зеленило („Сл.весник на РМ“ бр.11/18 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД ОХРИД

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на отпад, чистење на снег и мраз во зимски услови и уредување на урбано зеленило.

### Член 2

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на отпадот, чистењето на снегот во зимски услови и подигањето и одржувањето на јавното зеленило се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на отпадот, како и подигањето и одржувањето на јавното зеленило од став 1 на овој член ќе го врши Ј.П.„Охридски Комуналец “ во понатамошниот текст давател на услугата.

### Член 3

Одржување на јавната чистота во смисла на оваа Одлука подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајници ( отстранување на кал и прав, собирање и отстранување на отпадоци, миење на клупи, празнење на корпи за ситен отпад поставени на јавните површини), трајно и квалитетно чистење на отворените простори на јавните објекти, на неизградено земјиште сопственост на физички и правни лица и на дворовите на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Собирање на отпад е отстранување на создадениот отпад од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет, како и подигање, транспортирње, селектирање и депонирање на комунален и друг неопасен отпад .

Уредувањето на урбано зеленило подразбира планирање, проектирање, подигање, заштита и реконструкција на зелените површини во границите на плански опфат на урбанистички план, како и зелените површини во непосредна близина на градот, надвор од плански опфат, како парк -шуми, спортско- рекреативни објекти и др.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 4**

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини и отворени простори на јавните објекти се врши на: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, надвозници, мостови и паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, улични тревници, видиковци, автобуски и такси постројки, јавни телефонски говорници, спортско-рекреативни објекти (спортски и детски игралишта), јавни санитарни објекти, јавни капалишта и отворени простори на национални и други јавни објекти.

**Член 5**

Одржувањето на јавната чистота, како и рачното и машинско чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини, освен на локалните патишта и улици и отворените површини на јавните објекти ги врши ЈП„Охридски Комуналец"-Охрид.

Одржувањето на јавна чистота чистењето на снегот и мразот на отворените простори на јавните објекти во општинска сопственост го врши општината.

Одржувањето на јавна чистота и чистењето на снегот и мразот на објекти во приватна сопственост и на дворните површини на јавните објекти го врши сопственикот на објектот.

Одржувањето на јавна чистота и чистењето на снегот и мразот во колективните станбени згради ја врши заедницата на сопственици односно управителот.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица на територија на општината го врши сопственикот на земјиштето.

**Член 6**

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти (училишта и градинки, локални и национални установи, индивидуални и колективни станбени згради) се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини, редовно да го отстрануваат сметот од истите, како и редовно да го чистат снегот и мразот во зимски услови.

**Член 7**

За вршење на работите за одржување на јавната чистота од член 2, став 1, Советот на општина Охрид , на крај на тековната година, донесува Годишни програми кои ги содржат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите.

Во оправдани случаи, при загадување на јавните и сообраќајните површини поради временски непогоди, реконструкции и слично, Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, при општината може да определи чистење на јавни и сообраќајни површини надвор од донесената Програма од став 1.

**Член 8**

Секое физичко и правно лице е должно да се грижи за одржување на јавната чистота.

**Член 9**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територија на Општина Охрид и потребата – обемот за одржување на јавната чистота за физички лица и правни лица во зависност од дејноста која ја вршат.

**Член 10**

За физичките лица, односно домаќинствата, сопствениците или корисниците на објекти за домување на територија на општина Охрид надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 50,00 ден. месечно паушал.

За правните лица и деловните единици кои извршуваат угостителска дејност, за правните лица и вршителите на угостителска дејност од мал обем, кои се занимаваат со продажба на брза храна, надоместокот за извршената услуга за одржување на јавната чистота изнесува 750,00 ден. месечно .

За правните лица кои извршуваат трговска или друга стопанска дејност, надоместокот за извршената услуга одржување на јавна чистота изнесува 250,00 ден. месечно, односно 150,00 ден. месечно, во зависност од атрактивноста на местоположбата на деловниот простор или објект или фрекфенцијата на луѓе која ја предизвикува со своето работење, односно во зависност дали е во централно или вонцентрално градско подрачје.

За адвокатска и нотарска дејност, за судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектански услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на невладини организации и сл. надоместокот за извршената услуга, за одржување на јавната чистота изнесува 150, 00 ден.месечно.

За правни лица кои вршат нестопанска дејност и не се опфатени во ставот 4 од овој член надоместокот за извршената услуга за одржување на јавна чистота изнесува 150,00 ден.месечно.

За сезонски објекти: фрижидери за сладолед, тезги за продажба на пченки, семенки и сл., апарати за пуканки, крофни и детски забавни игри надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 1.500,00 ден, додека за тезги за суванири и ракотворби, за продажба на книги и уметнички фотографии на отворено, цртање на портрети, надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 1.000,00 денари. Надоместокот се утврдува паушално и се однесува за сезонскиот период во текот на календарската година, а сопственикот на објектот е должен надоместокот да го исплати пред отпочнување со работа.

**Член 11**

Данокот на додадена вредност не е пресметан во висината на утврдениот надоместок и истиот е на товар на корисниците на услугата.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено од сметката.

Средствата собрани од надоместокот за одржуваање на јавната чистота се приход на општина Охрид и се користат за финансирање на работите од јавната чистота.

**Член 12**

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини, отворените простори на јавните површини на територија на општина Охрид забрането е:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- фрлање и оставање на хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци;

- оставање на стари предмети од домаќинства покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината;
- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- напуштање на домашни миленици;
- колење на кокошки, друга живина и животни;
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- истурање и испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера;
- миење на возила, камп-приколки и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности;
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- паркирање на возила на растојание од десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- мешање на бетон, малтер и други градежни материјали, освен на оформена градежна парцела;
- растурање на сметот и претурање по сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање на смет;
- фрлање смет од било кој кат од станбена зграда или куќа, во двор;
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување, согласно со нивната намена;
- истурање на пепел, жар, други лесно запалливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање смет;
- уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);
- плукање или секнење на нос на јавни површини;
- лепење на плакати на било кое јавно место;
- вршење на физиолошки потреби;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;
- испишување на графити, лепење на плакати на кое било јавно место и јавен објект;
- перење на килими, теписи, постелина и други материјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата;
- варење на ракија, приготвување зимница и слично;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од морторни возила;

- поставување контејнери за отпадоци, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;
- фрлање на летоци и друг пропаганден материјал без одобрение од надлежниот орган на општината.;
- оставање на пловни објекти на јавна површина на приобалниот дел од езерото, освен на локалитетите Сараиште и Канео, во период од 1-ви септември тековната до 1- ви мај наредната година.

**Член 13**

Заради обезбедување на јавна чистота на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица, во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти на територија на град Охрид забрането е:

- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- напуштање на домашни миленици;
- колење на кокошки, друга живина и животни;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- перење на килими, теписи, постелина и други материјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата.

**Член 14**

На отворените простори на јавните објекти се забранува:

- Фрлање и оставање на предмети од домаќинства;
- Фрлање и оставање на лисја, гранки, корења од растенија и друг растителен отпад;
- Фрлање и оставање на песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци;
- Оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет;
- Палење, закопување и уништување на смет;
- Оставање мртви животни, живина и птици;
- Испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- Миење на возила и камп-приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица;
- Сечење, складирање на дрва, јаглен и слично;
- Производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган;
- Паркирање на возила;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- Напуштање на домашни миленичиња;
- Оставање измет од домашни животни и миленичиња.

**Член 15**

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

- Редовно чистење и одржување на просториите во објектот;
- Садови за фрлање на отпадоци;
- Инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 16**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасади на станбени и деловни објекти како и за слични градежни работи, може повремено да се користат јавните и сообраќајни површини или неизградено градежно земјиште само со одобрение од страна на Секторот за комунален развој и сообраќај на општина Охрид добиено врз основа на предходно поднесено барање од страна на изведувачот во кое барање задолжително треба да има и сообраќаен проект за времен режим на сообраќај согласно член 14 од ЗБПС.

Во одобрението од претходниот став треба да се утврдат: времениот режимот на сообраќај, условите и начинот на истовар, утовар или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавната и сообраќајната површина. Пред започнување со работите предвидени во одобрението, изведувачот задолжително треба да склучи договор за вонредно чистење со Ј.П.„Охридски Комуналец" согласно член 16 од важечката Одлука за утврдување на цените на услугите кои ги врши јавното претпријатие.

При изведувањето на работите од став 1 на овој член пред нивното започнување задолжително се постапува согласно сообраќајниот проект за времен режим на сообраќај и добиената согласност, при што мора да се осигура проодноста на тротоарите, улиците и сообраќајните површини кои се зафаќаат, мора да се оградат со ограда која треба да се одржува, прописно мора да се означи и осветли и материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

Изведувањето на градежните работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина при ископот на темели и слично. Мешањето на бетон, малтер и друг материјал мора да се врши во соодветни садови или на лимови.

Тротоарите и улиците на кои се поставени скелиња може да се исклучат од сообраќај доколку истото е утврдено со сообраќајниот проект за времен режим на сообраќај, само за време додека објектот што се гради не биде во висина на приземјето.

Преминот под скелето мора да е заштитен од паѓање на материјал со кој се гради со заштитен кров според градежниот план, а скелето да се направи така под него да може пешаците несметано да поминуваат.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со водорамни и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи е должен да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини и истите да ги доведе во првобитна состојба. Ако јавната површина служи за истовар и утовар на растресит градежен материјал како песок, чакал и слично, на јавната површина може да се стави толку материјал колку што може да се користи или отстрани за еден ден.

**Член 17**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

**Член 18**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да го полива со вода заради спречување на ширење на прашината;
- сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да се чистат;
- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 19**

На јавни објекти забрането е испишување на графити, цртање и лепење на плакети.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, мастики и други предмети.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение на управителот на јавниот објект.

**Член 20**

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски, музички и други), на митинзи, прослави и други собири се должни да склучат договор за вонредно чистење пред одржување на истите со Ј.П.„Охридски Комуналец“ согласно член 15 од важечката Одлука за утврдување на цените на услугите кои ги врши јавното претпријатие.

Доколку организаторите од ставот 1 на овој член, не побараат услуга од ЈП„Охридски Комуналец“, сметот ќе биде исчистен од страна на ЈП„Охридски Комуналец„ на сметка на организаторот.

**Член 21**

При посета на излетничките места, посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го исчистат сметот што го создале и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

**Член 22**

Во зимски услови при снежни врнежи, ЈП„Охридски Комуналец„-Охрид е должен да го исчисти снегот и мразот на јавните површини, и отворените површини на јавните објекти од јавните површини, согласно Оперативната програма за организирање и функционирање на служба за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на општина Охрид и работата да ја извршува се додека наложуваат условите, со што ќе се обезбеди непречен пристап на јавните површини.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на јавни објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените

простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на индивидуални и станбени објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот пред објектите со што ќе се обезбеди пристап до истите.

**Член 23**

Урбаното зеленило опфаќа:

1. Јавно зеленило кое е добро за општа употреба и е во надлежност на општината, а типови на јавно зеленило се:

- Парк,
- Парк – шума,
- Зелен плоштад,
- Дрворед,
- Зелен коридор,
- Заштитно зеленило,
- Неуредено зеленило,
- Друго зеленило на јавни отворени простори.

2. Останато зеленило – зелени површини или земјиште наменето за озеленување , кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.

**Член 24**

Под одржување, користење на паркови, зеленило, парк – шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично.

Типови останато зеленило се:

- Зелени површини покрај објекти за домување ( станбени куќи, станбени згради и друго ),
- Зелени површини покрај комерцијални и деловни објекти ( комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и сл. ),
- Зелени површини покрај објекти на јавни институции ( образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и др. ),
- Зелени површини покрај објекти за производство, дистрибуција и сервис (мали и големи комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и др. ),
- Зелени површини покрај објекти за спорт, рекреација и меморијални простори ( гробишта и меморијални паркови ),
- Зелени површини покрај инфраструктура ( комунална, некомпатибилна и др.),
- Посебни зелени комплекси ( ботанички градини, зоолошки градини, дендро – паркови, арборетуми, изложби на цвеќе и сл. ),
- Расадници,
- Зеленило на кровни тераси и вертикални зелени фасади.

**Член 25**

Парковите се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор, шетање, рекреација и игра.

**Член 26**

Подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкција на јавното зеленило се врши врз основа на Годишна програма донесена од страна на Советот на општината.

**Член 27**

Подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела на сопствена сметка.

**Член 28**

Одржување на зеленилото е обврска на сите физички и правни лица независно од видот на сопственоста.

Одржувањето на јавното зеленило на подрачјето на општината го врши јавното претпријатие врз основа на Годишна програма за подигање и одржување на зеленилото усвоена од Советот на општината.

Одржувањето на останатото зеленило е во надлежност на правни и физички лица кои се нивни сопственици или корисници, кои можат на своја сметка обврската за одржување на зеленилото да ја доверат на правно лице регулирано за вршење на работите за одржување на зеленилото.

Во случај на промена на сопственоста, давање или пренесување права за користење над парцелата, се пренесува и обврската за одржување на зеленилото.

**Член 29**

Одржувањето на зеленилото, во зависност од неговата намена може да биде интензивно или умерено, а се одредува со Годишните програми усвоени од Советот на општината.

**Член 30**

Во интензивно одржувано зеленило спаѓаат:

- паркови,
- Зелени површини,
- Зелени површини на детски игралишта, здравствени и јавни објекти,
- Објекти на култура и образование,
- спортски терени,
- зеленило на гробишта,
- зеленило на др. јавни отворени простори,

Интензивното одржувањето на зелените површини опфаќа:

- Редовно прихранување,
- Редовно косење,
- Редовно поливање,
- Кастерење жива ограда, ползавци, грмушки во скалд со естетските и функционалните барања на видливоста и безбедноста во сообраќајот,
- Нега на дрворедни садници во однос на наводнување, кроење на крошните, како и санитарна сеча за заштита на дрвата,
- Обновување на растителниот материјал кој е оштетен или исушен,
- Редовно собирање на искосената трева, искастрените гранки и отпад од зелените површини,
- Одржување на градинарско – архитектонските елементи,
- Одржување на инфраструктурни објекти и инсталации во функција на одржување на зеленилото,

- Заштита на растителниот материјал од штетници, пожари, снег, ниски или високи температури и др. елементарни непогоди.

**Член 31**

Во умерено одржувано зеленило спаѓаат:
- парк шуми,
- заштитни зелени појаси покрај улица,
- индустриски зони и сл.,
- рекултивирани копови, депонии и др.

Умереното одржување на зелените површини опфаќа:
- спроведување на неопходните мерки за санитарна сеча,
- заштита од штетници,
- заштита од пожари.

**Член 32**

Заштитени се сите дрвја, како од јавните, така и од приватните површини, со обемна стебло над 40 cm, мерено од висина од 1.3 m, освен за овошките, дрвјата во малите градини и дрвјата во шумите.

**Член 33**

Сечење и кастрење на дрвја во сите зелените површини од член 47, може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземни и надземни инсталации, кога се оштетени од елементарни напогоди, заради изградба на инвестициони објекти или заради реконструкција на зелените површини.

Одржувањето на јавното зеленило на подрачјето на општина Охрид се врши согласно Годишната програма за подигање и одржување на зеленило.

За сите дејствија и работи од претходниот став правните и физички лица потребно е да имаат Решение од комисија за преземање мерки и активности за отстранување дрвја на формирана од Градоначалникот на општината.

**Член 34**

На зелените површини може да се врши прекопување за поставување на подземни или надземни инсталации, изградба на инвестициони објекти и објекти на граѓаните само со одобрение на Секторот за комунален развој по претходно прибавено одобрение од давателот на услугата.

Одобрението од претходниот став на овој член треба да содржи определување на рок во кој треба работите да се завршат како и рок во кој треба зелените површини да се вратат во првобитна положба. Трошоците за извршување на сите работи утврдени во став 1 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

**Член 35**

На зелените површини и наземјиштето на кое е предвидено да се уредува зелената површина, телефонска, електрична и друга инсталација може да се монтира само подземно.

**Член 36**

На јавните зелени површини забрането е:
- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото ( соголување и засекување на

стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, корнење на цветни и тревни посеви и слично );
- деградирање на растителните услови ( отстранување на земја, откривање и оштетување на корењата, затрупување на стеблата, неовластено користење на системот за наводнување, промена на структурата и составот на почвата и сл. ),
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- неовластено копање и изнесување на земја, копање канали, вршење прекопи и слично;
- палење на оган и палење стебла,
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото предвидено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал, отпадно дрво, железо и слично на и покрај зелените површини;
- истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуват озеленетата површина,
- чување и пасење на добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- поставување на рекламни паноа и лепење на плакати на дрвја;
- поставување, поправање, замена на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, знаци, патокази, натписи и слично без одобрение од надлежниот орган;
- возење, запирање, паркирање и оставање на моторни возила;
- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други објекти што им служат на зелените површини;
- вршење на било каква работа која доведува до уништување на зелените површини;
- кинење и корнење на цвеќе, трендафили и грмушки;
- палење на огнови во парковите и парк – шумите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките ( светилки, носачи на жичани водови, скали и слично
- шетање кучиња во тревните и цветните површини во парковите, како и нивно уринирање и дефекација во истите.

**Член 37**

На зелени површини сопственост на физички и правни лица забрането е:

- чување и пасење на добиток и живина;
- чување и испаша на пчели,
- чување на предмети и отпадоци кои ја загадуваат и оштетуваат околната средина,
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично ,
- палење на оган.

**Член 38**

На јавните зелени површини дозволени активности се:
- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетници и болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или

материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.

Работите од став 1 на овој член се вршат само врз основа на решение издадено од општината, со кое се утврдуваат условите и начинот на извршената работа.

**Член 39**

На останатите зелени површини дозволени активности се:

- Корнење, сечење, кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на останатите зелени површини, меѓу кои и на површините на дворните места на индивидуално и колективно домување, согласно член 57, став 3 од оваа Одлука.
- Сопствениците на зелените површини покрај сообраќајници, тротоари, велосипедски и пешачки патеки се должни да го одржуваат зеленилото и редовно да ја косат тревата и да ги кастрат гранките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или движењето на минувачите и да ги отстранат гранките од дрвјата и другото зеленило кои навлегуваат во друг приватен имот и да го одржуваат комуналниот ред.
- Овластениот комуналниот инспектор и комуналните редари се должни да го опоменат сопственикот на зелените површини од ставот 2 на овој член да ги исполни своите обврски во рок од седум дена, во спротивно работите од став 2 на овој член ќе ги изврши вршителот на одржувањето на јавните зелени површини на сметка на сопственикот на зеленилото.

## III. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 40**

Надзор над примената на оваа Одлука се врши согласно Законот за јавна чистота (Службен весник на РМ бр.111/08,114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/06), Закон за комунални дејности ( Сл.весник на РМ бр.95/12) и Законот за урбано зеленило ( Сл.весник на РМ бр.71/16 и 11/18 ).

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат општински комуналните инспектори и комунални редари.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени со Законот за јавна чистота, Законот за управување со отпад, Законот за комунални дејности и Законот за урбано зеленило.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на одржување на јавна чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

**Член 43**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за одржување на јавна чистота на територија на Општина Охрид, бр.08-1620/4 од 05.02.2019 год.

**Член 44**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-797/13**
**30.01.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски**